Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за култура
на Општина Центар-Скопје за 2023 година

Се објавува Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2023 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година.

Бр. 09-6251/25
28.12.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 15 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 18. седница, одржана на 28.12.2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за култура на Општина Центар-Скопје
за 2023 година

Со донесувањето на системските закони што се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност што се однесува на задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што културниот живот во Општината ќе го направат побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

1. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за култура е подготвена во координација со претставниците од Советот на Општина Центар-Скопје, Одделението за култура, граѓаните и граѓанските организации, со што се овозможи граѓаните да бидат вклучени во процесот на одлучување и преку свои предлози и идеи за проекти и активности таа да претставува отсликување на потребите на граѓаните.

2. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

2.1 Општо - целни групи

Програмата на Одделението за култура ги таргетира граѓаните на Општина Центар-Скопје, вклучително и најмладите. Преку активностите и проектите предвидени во Програмата се опфаќаат и граѓанските организации што придонесуваат во развојот на инклузивниот процес за вклученост во процесот на одлучување. Оваа Програма предвидува и директна соработка со граѓанските организации што укажува на фактот дека тие ни се главна таргет-група.

2.2 Крајни корисници

- Жителите од Општината од сите генерации.

3. ЦЕЛ / ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

3.1 Основни цели/приоритети

Основни цели на Програмата на Општина Центар-Скопје од областа на културата:

- Приближување на културата до сите граѓани.

Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Центар-Скопје рамноправно да учествуваат во културата и во културните случувања како творци и како корисници.

- Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите.

Земајќи ја предвид перспективата на културниот развој, особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештвото и задоволувањето на културните потреби на младите. Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата од нови изразни средства, ќе се поддржуваат експериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија, како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културните содржини и вредности за младата популација.

3.2 Специфични цели/приоритети

- Промовирање на европски вредности
- Стимулирање на креативното творештво и изразување на младите
- Едукација за културните вредности кај децата од предучилишна возраст
- Развивање на натпреварувачкиот дух кај младите од областа на културата
- Градење филмска култура
- Поддршка на домашни филмски автори и проекти
- Интерактивно искуство кај младите
- Анимација и зголемување на интересот за музичка уметност (популарна, класична, џез-музика)
- Поддршка на визуелната уметност
- Соработка со уметници-креативци од Општина Центар-Скопје
- Организирање дебати од областа на книжевноста
- Унапредување на соработката со национални институции од областа на културата

- Инклузија на деца со посебни потреби во областа на културата
- Зголемен интерес на жителите на Општина Центар за објектите со културно наследство во Општината
- Развивање и негување на културни афинитети кај пензионерите

3.3 Одговорни сектори и одделенија

- Сектор за јавни дејности
- Одделение за култура

3.4 Поврзаност со други области и сектори

- Одделение за образование, млади и спорт
- Одделение за детска и социјална заштита
- Сектор за поддршка на Градоначалникот

4. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

<u>Проекти во Програмата за култура за 2023 година</u>

4.1 Прослава на животот на Горан Стефановски

Роденденот на овој познат драмски писател, 27 април, претставува вистински празник на културата на Општина Центар. Програмските содржини на тој настан ќе бидат подготвени со познати и реномирани режисери, актери и драматурзи.

Буџет: 80.000 денари

4.2 Ден на Општината - 3 Ноември

Во текот на целиот ден ќе бидат реализирани културни настани за сите возрасни групи со учество на аматери и професионални културни дејци од повеќе области на културата.

Буџет: 30.000 денари

4.3 Најдоброто од Центар

Музичко-сценски перформанс за претставување на младите таленти од Општина Центар - ученици од основните општински училишта што се добитници на стипендија за култура.

Буџет: 30.000 денари

4.4 Светски ден на поезијата

Сакајќи да ја потикнеме желбата за читање и создавање поезија кај децата од основното образование, како и поради откривање и насочување на нивниот талент и дарба за пишување, секоја година по повод Светскиот ден на поезијата - 21 Март го реализираме овој проект со актуелизација на делата на поет од богатото македонско поетско творештво.

Буџет: 10.000 денари

4.5 Светски ден на уметноста

Општина Центар започна со одбележување на Светскиот ден на уметноста -15 Април од 2015 година. Со цел да се воспостави конекција меѓу уметноста и најмладите жители на Општината, на улица „Македонија" ќе бидат поставени штафелаи на кои најталентираните ученици од основните училишта ќе сликаат под менторство на студенти од Факултетот за ликовни уметности. Исто така, дипломците од факултетот ќе ги претстават своите најдобри дела со што во текот на целиот ден улица „Македонија" ќе биде галерија под отворено небо.

Буџет: 35.000 денари

4.6 Социјализација преку култура за долговечност

Проектот е базиран врз многубројни научни студии што ја поврзуваат социјализацијата меѓу постарите жители и нивната долговечност, како и влијанието меѓу учеството на културни настани во намалувањето и превенцијата на депресијата кај постарите лица.

Со таа цел Општината креира збир на активности поделени во три културни сфери во период од четири месеци, со цел културно ангажирање на пензионерите во текот на целата година:

- Литература - Еднаш месечно во текот на четири месеци ќе гостува афирмиран/а македонски/а писател/писателка што ќе потпишува книги и ќе дискутира со пензионерите за своите книги. Книгите ќе може да се подигнат од читалниците на Општината или можно е формирање библиотеки во пензионерските домови, чиј фонд ќе се зголемува секој месец со реализацијата на овој проект.

- Театар, музика и филм - Секој месец во текот на четири месеци ќе бидат субвенционирани билетите (целосно или 50%) за пензионерите за групна посета на културни настани од областа на театарот, музиката и филмот: Македонски народен театар, Македонска филхармонија, Македонска опера и балет, кино.

- Сликарство и вајарство - Во текот на четири месеци ќе бидат организирани уметнички работилници со ментори од Факултетот за ликовни уметности. По завршувањето на уметничките работилници ќе бидат направени изложби во клубовите со изработените дела. Изработените дела ќе останат во пензионерските клубови, каде што трајно ќе го разубавуваат просторот или ќе биде организирана продажба на овие дела со цел финансиските средства од продажбата да бидат употребени за подобрување на пензионерските домови.

Буџет: 55.000 денари

4.7 Музика лаб

Овој проект има цел да се развиваат музичките таленти на основците преку креативни апликации. Целта на проектот е да се осознаваат и поврзуваат светските фолклорни традиции со домашните, како и паралела меѓу уметничката музика и популарната музика во светот и кај нас.

Буџет: 30.000 денари

4.8 Центар 26 јули 1963

По повод одбележувањето на 60 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје, Општина Центар ќе организира изложба на фотографии од објекти и места што биле урнати во земјотресот, како и новиот изглед на најпогодените локации.

Буџет: 35.000 денари

4.9 Мини мурали и графити

Обележувањето на некои точки со мини графити претставува современ начин на промовирање на уметноста, а наедно и поставување на мали инфраструктурни уметнички украси низ Општината. Во рамките на проектот ќе бидат спроведени активности на терен со дел од уметниците за одредување на потенцијални локации за изработка на помали мини графити.

Буџет: 45.000 денари

4.10 Хуманитарна модна ревија

Модна ревија на реномирани модни дизајнери, со хуманитарен карактер. Собраните средства ќе бидат наменети за децата од општинските основни училишта што се во социјален ризик.

Буџет: 15.000 денари

4.11 Џез и џус

Настан за промоција на квалитетна музика и здрави навики преку музички џез-настапи на Зоран Костадиновски, трио џез (македонска авторска музика). Во реализацијата на настанот ќе бидат поканети да учествуваат домашни производители на природни сокови што со своите производи ќе ги поттикнат посетителите на здрави навики.

Буџет: 25.000 денари

4.12 Рок енд рол веге слава

Музички настан со изведба на Рок дуо акустика и дј сет со реге музика. Во реализацијата на настанот ќе бидат поканети извидничките одреди со свои штандови да понудат здрава веге храна.

Буџет: 25.000 денари

4.13 Вкусете ја македонската традиционална храна

По повод одбележувањето на 15 мај - Меѓународниот ден на семејството, Општина Центар во соработка со Факултетот за земјоделство и храна ќе го организира настанот „Ајде заедно на еко пикник" - вкусете ја македонската традиционална храна. Акцентот ќе биде ставен на поттикнувањето на употребата на локални органски продукти (екопродукти), кои ги произведуваат локалните производители, преку вклучување на локалната заедница и институциите. Локалните производители и изложувачи на креативен начин ќе ја промовираат здравата и традиционалната македонска храна пред посетителите, со цел зачувување на биодиверзитетот. На настанот ќе биде претставена гастрономската креативности и иновациите на изложувачите, а преку креативни работилници и сценско-музички точки ќе се вклучат и децата од градинките и основните училишта од Општина Центар, студентите од Факултетот за земјоделие, пензионерите од Здружението на пензионери од Општина Центар.

Буџет: 35.000 денари

4.14 Одбележување на детската недела

Светската недела на детето е национална манифестација што традиционално се одбележува во сите држави членки на Обединетите нации, секоја година во првата недела од октомври. Во текот на неделата ќе се говори и ќе се дебатира за детските права и потреби.

Во Паркот на франкофонијата во текот на пет дена децата од предучилишна возраст и учениците од основните училишта од Општина Центар ќе ја одбележат манифестацијата „Детска недела". Со музички изведби, претстави,

форум театар, спортски активности, сценско-музички колаж, свечена заклетва на првачињата и нивно пристапување кон најголемата Детска организација, со креативни работилници, латино танци и хип-хоп игри ќе биде збогатена и манифестацијата за годинашната „Детска недела".

Буџет: 30.000 денари

4.15 Изработка на регистар на организации од областа на културата на територија на Општина Центар-Скопје

Изработката на регистар на граѓански организации и здруженија произлегува од потребата да се добие подобар преглед, како и можност за комуникација со организациите и другите субјекти што дејствуваат во сите сфери на уметноста и културата во Општината, со цел активно да се вклучат во креирањето на политиките, како и да се најдат нови модели на заемна соработка. Наедно, намената и примената на регистарот ќе значи и целосна информираност за бројот на организациите од областа на културата и насоката во која дејствуваат.

Регистарот на организации ќе се ажурира на годишно ниво и ќе содржи податоци за организацијата (основни податоци, дејност во културата и контакт со организацијата).

Во рамките на овој проект, но во посебен дел на активности, ќе биде опфатена изработката и на други регистри на субјекти од интерес (галерии, драмски студија, фолклорни ансамбли, библиотеки, читалници, културни соби, кафулиња итн.), со цел Општината да располага со квалитетни информации и содржини и да ги применува за реализирање на различни проекти од интерес на граѓаните.

Фази на реализација:

Прва фаза - активности за собирање, користење и селекција на постојни регистри (започната);

Втора фаза - остварување коминикација во писмена форма, анкета, како и одржување работно-информативни средби со активни правни субјекти што дејствуваат на територијата на Општина Центар;

Трета фаза - анализа, евализација на резултатите и изработка на регистар во електронска или во печатена форма.

4.16 Културна мапа на Центар

Изработката на културна мапа на Центар претставува неопходност за културната промоција на Општината. На територијата на Општина Центар, како централна општина на главниот град, се наоѓаат поголем број културни институции, како и недвижното културно богатство на градот. Преку овој проект локалната самоуправа ќе изврши мапирање на овие објекти и знаменитости за да се изработи културна мапа што ќе биде достапна на веб-страницата на Општина Центар. Овој проект е обемен и подразбира неколку фази за изработка за да се комплетира:

Прва фаза: Лоцирање и собирање контакт-информации од културните институции, лоцирање на објекти, споменици и спомен-обележја. Нивна класификација и обележување на местоположбата на територијата на Општината, со цел да се изработи културна мапа.

Втора фаза: Техничка изработка на културната мапа со поставување на веб-страницата на Општината и медиумска промоција.

Трета фаза: Развој на понудите на културната мапа (креирање тури во зависност од интересот на посетителот: тури за посета на музејско-културното богатство, тури за посета на спомен-обележја и на споменични целини во зависност од историскиот период што го обележуваат, верски објекти од интерес на културата, како и тури за посета на современи уметнички промоции преку центарските галерии, театри и кина).

Реализацијата на првата и на втората фаза е планирана за текот на 2023 година, а развојот на Културната мапа во модерна, современа и интерактивна алатка за користење на граѓаните и туристите ќе се реализира во 2023 година.

Важноста на овој проект може да се согледа од податоците на Светската организација за туризам дека 40% од туристите што практикуваат културен туризам се домашни туристи или оние што живеат во близина, а помалку од 20% се странски туристи. Според овие истражувања, 40% од вкупниот број туристи се на возраст под 30 години. Младите високообразовани туристи, според статистичките податоци тие сочинуваат најголем дел од туристите што се заинтересирани за култура, практикуваат неконвенционални и современи начини на организирање на културните посети. Интернетот и електронската понуда играат голема улога во промоцијата на културните дестинации и атракции. Затоа редовно ажурираната веб-страница и јасно дефинираниот општински профил на социјалните мрежи играат круцијална улога во културната промоција на Општина Центар.

Очекувани резултати:

- Креирање регистар на сите позначајни институции, објекти и споменици на културата на територија на Општина Центар.

- Собирање информации од областа на културата што се потребни за натамошен развој на услугите што Општината им ги нуди на жителите и на посетителите.

- Современа културна понуда за жителите и за посетителите на Општина Центар.

- Културна промоција на Општина Центар.

- Зголемена посета на Општина Центар и последователно зголемен економски развој.

- Развој на културниот туризам во Општина Центар.

- Креирање културни маршрути на територијата на Општина Центар по примерот на актуелните европските културни маршрути промовирани од Европската Унија.

- Промоција на културното наследство и запознавање на неговиот поврзувачки ефект преку историските културолошки влијанија и пренесување на клучните вредности на интеркултурниот дијалог и заштита и промоција на културниот диверзитет.

4.17 Табеларен приказ на објектите заштитени со Законот за културно наследство што се наоѓаат на територијата на Општина Центар-Скопје

4.18 Негување на старите традиции за Бадник, Маџир Маало и други маала

Секоја година, почнувајќи од 1993 година, успешно опстанува скопската традиција за заедничка прослава на Бадник. Исто така, жителите на Маџир Маало и вљубениците во традицијата живеат за далеку познатите Маџирмаалски средби. Овие два настана ја прават Општина Центар-Скопје место познато по негување на добрососедството, пријателството и традицијата. Општина Центар финансиски ќе поддржи и други маалски средби од ваков вид.

Буџет: 130.000 денари

4.19 Доделување стипендии на талентирани ученици од областа на културното творештво

За учениците од основните училишта во Општината што постигнале врвни резултати на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари предвидуваме стипендии според претходно утврдени критериуми и услови. Овие стипендии имаат цел да го стимулираат талентот за културно творештво кај младите.

Буџет: 760.000 денари

5. ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ УСТАНОВИ И ПРОЕКТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА

5.1 Финансиска поддршка на сценската уметност

Општината зема обврска за финансиска поддршка на проекти и на институции од областа на културата преку обезбедување сценски простор за театарски претстави за деца и за возрасни, концерти, кино за прикажување на современиот европски филм и други форми на изразување на младата македонска културна сцена.

5.2 Развој на современа култура, нови културни практики и политики и создавање критериуми со соодветен износ од Буџетот на Општината

Ова треба да биде стратегија за програмска поддршка на проектите од независниот културен сектор што имаат интердисциплинарно содржинско рамниште и ги покриваат сите дејности во сферата на културата.

5.3 Соработка со уметници и организирање работилници

Се однесува на соработката на сите видови уметници и нивните здруженија и установи на локално ниво, од сите видови уметност, како и негување на фолклорот, занаетчиството и на слични културни вредности.

5.4 Брошури за Општина Центар-Скопје

Планирано е во текот на 2023 година да се подготват и да се печатат промотивни брошури, чија основна цел е да ги промовираат Општината и нејзините активности во различни сегменти.

5.5 Печатење општински рекламен материјал што не е опфатен во претходните точки, а произлегол како потреба во текот на 2023 година.

6. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАСТАНИ И НА ЛИЧНОСТИ

Во текот на 2023 година ќе се изврши ажурирање на Регистарот на споменици и спомен-обележја од подрачјето на Општина Центар-Скопје заради нивна заштита и одржување.

7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

- Промоција на културната сцена на територијата на Општина Центар
- Стимулирање млади уметници
- Поддршка на граѓански организации што работат во областа на културата
- Развивање на креативните и на творечките вештини кај учениците од основните училишта и децата од градинките во Општина Центар
- Промовирање на алтернативната сцена
- Промоција на историските знаменитости во Општина Центар
- Стимулиран талент на младите од областа на културата
- Поттикнување дебати од областа на културата
- Промоција на скверови во Општина Центар што треба да претставуваат сцена за уметници
- Поттикнување на млади писатели, млади театарски и филмски уметници, млади музичари
- Стимулирање на интерактивно искуство преку разни манифестации

8. ФИНАНСИРАЊЕ

8.1 НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2023 година.

Определени финансиски средства може да бидат обезбедени од спонзорства и од донации.

За одредени активности што не се содржани во Програмата, а за кои Советот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Градоначалникот, ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

Прегледот на финансиски средства за реализација на Програмата е составен дел на оваа Програма.

8.2 ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА - Конкурс за поддршка на проекти од сите области на културата

По завршувањето на проектите, секој реализатор е должен до Одделението за култура да достави Извештај за реализација на одобрените средства.

Буџет: 1.000.000,00 денари

8.3 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МЕШОВИТА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА КУЛТУРНО СОЦИЈАЛЕН ПРОСТОР ЦЕНТАР-ЈАДРО

Оваа установа е основана од Општина Центар-Скопје со Одлука за основање на мешовита установа од областа на културата („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 15/16)М со цел вршење на следнава дејност: давање институционална и финансиска поддршка на социокултурните проекти, на современата уметност и современите социокултурни практики, на демократизацијата и активното учество во социокултурната заедница, на обезбедувањето културна програма на Општината, на организирањето културни манифестации и на поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво од јавен интерес од локално значење.

Буџет: 2.000.000,00 денари

			КУЛТУРА	**Планирани средства 4.370.000,00**
			Разни трансфери	**4.370.000,00**
			Други трансфери	**3.610.000,00**
			-Културни настани и манифестации:	
	425920		**Печатарски услуги**	90.000,00
	425990		**Други договорни улуги**	230.000,00
	426990		**Оперативни расходи**	160.000,00
	464990		**-Негување на стари традиции за Бадник и Мађир Маало**	130.000,00
			-Финансиска поддршка на установа Центар-Јадро	2.000.000,00
			-Конкурс за поддршка на проекти од сите области на културата	1.000.000,00
	464120		**Стипендии за поддршка на млади таленти**	**760.000,00**

9. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6251/24
28.12.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска